

# **КОДЕКС** НА ОДНЕСУВАЊЕ НА **КРКА**

KRKA

*Живееме здрав живот.*

**4 ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ**

**6 ОСНОВНИ ЕТИЧКИ НАЧЕЛА**
8 Почитување
10 Соработка
11 Извонредност
15 Интегритет при раководење

**16 КОРПОРАТИВЕН ИНТЕГРИТЕТ**
17 **Забрана на измами и корупција**
18 Конфликт на интереси
20 Промоција на производи
22 Доставувачи и деловни партнери
23 Фер конкуренција

**24 ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ**

**26 ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ЗА УСОГЛАСЕНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО**

**28 ПРИЈАВУВАЊЕ НА НЕСООДВЕТНО ОДНЕСУВАЊЕ**

**30 КОНЕЧНИ ОДРЕДБИ**



# ВОВЕДНИ **ОДРЕДБИ**

**Кодексот на однесување на Крка** (во продолжение кодекс) ги определува начелата и правилата за **етичко однесување и добрата деловна пракса и стандарди на однесување** во Крка д.д., Ново место и во нејзините зависни друштва (во продолжение Крка) што се обврзувачки за сите вработени во Крка. Кодексот претставува основа на која што се темелат сите други интерни правила на Крка.

Основниот принцип на сите вработени во Крка е доследно однесување според **највисоките морални** начела и начелата на **чесност, лојалност, професионалност**, и доследно почитување на прописите, насоките на меѓународните организации во областа на фармацевтската индустрија и интерните акти на друштвото.

Кодексот е јавно објавен на интернет страниците на Крка www.krka.mk. Со него може да се запознаат сите наши деловни партнери од кои што очекуваме дека ќе го почитуваат при соработката со Крка.



# ОСНОВНИ **ЕТИЧКИ НАЧЕЛА**

Основните етички начела на Крка се пред сè почитувањето, соработката, извонредноста и  интегритетот при раководењето, како во односите меѓу вработените, така и во односите со надворешните соработници.

Како вработени ние сме свесни дека со почитувањето на основните начела ја **остваруваме визијата на Крка**, ги постигнуваме планираните деловни резултати и се грижиме за угледот на Крка и придонесуваме за развој на пошироката општествена средина во која работиме.

# Почитување

Основи на нашето работење се исти можности за сите, почитувањето на законските норми и етичкиот однос кон луѓето од поширокаta општествена средина. **Ги почитуваме човековите права** кои се опфатени во меѓународно признатите начела и насоки. Во сите држави во кои  работиме ги почитуваме сите законски прописи и стандарди од областа на човековите права.

Го почитуваме **достоинството и личниот интегритет** на поединецот и неговата приватност. Ја почитуваме и слободата на говорот и изразувањето на мислења и притоа секогаш имаме однос на почитување кон другите. Со колегите отворено комуницираме независно од образованието и раководната позиција. Забранети се сите форми на нечесна и недозволена работа.

**Секаква дискриминација на вработените е забранета.** Вработените ги третираме еднакво без оглед на националноста, расата или етничкото потекло, националната или социјалната припадност, полот, бојата  на кожата, здравствената состојба, инвалидноста, верата или убедувањето, возраста, сексуалната ориентација, семејната состојба, членството во синдикат, имотната состојба или друга лична околност.

**Забранета е секаква форма на вознемирување и тортура на работното место.** Се грижиме за добри услови за работа , отворена и креативна работна средина. Обезбедуваме работна средина во која што никој не е изложен на психички притисок и сексуално или друго вознемирување или тортура на колегите, претпоставените или трети лица. Секој е должен да се воздржи од несоодветно однесување кое што го загрозува достоинството на друго лице. Ако утврдиме несоодветно однесување на колега, мора за тоа веднаш да го известиме претпоставениот или раководителот на организациската единица. Ако утврдиме несоодветно однесување на претпоставениот, го известуваме неговиот претпоставен или лицето кое што е овластено за постапување во случај на мобинг. Секој вработен може да пријави случај на мобинг кај некое од овластените лица. Правилата

за однесување во случај на мобинг и **Списокот на овластените лица за постапување во случај на мобинг** се објавени на Крканет, интерната интернет страница на Крка. (Правила за постапување во случај на мобинг).

**Обезбедуваме безбедна и здрава работна средина** во која вработените не се изложени на ризик за здравјето и редовно донесуваме мерки за намалување и отстранување на евентуалниот ризик за здравјето и настанување на несреќи. Секој мора да ги почитува сите прописи и интерни акти од областа на безбедноста и здравјето при работа. Наш основен принцип е безбедната и здрава работна средина, затоа ние вработените не смееме да работиме или да бидеме на работното место под дејство на алкохол или други забранети супстанции. На сите локации на Крка пушењето е забрането. Својата работа мора да ја извршуваме внимателно за да го **заштитиме сопствениот живот и здравје и здравјето и животот на другите лица**. Средствата за работа, сигурносните уреди и опремата за лична заштита мора да ги користиме согласно со нивната намена и упатствата на работодавачот, со нив да постапуваме внимателно и да се грижиме да бидат во беспрекорна состојба.

**Обврска на секој вработен** е редовно да се **едуцира** и да се **обучува** од областа на безбедноста и здравјето при работа и претпоставените да ги запознава со недостатоците во работната средина и со сите опасности на работното место.

# Соработка

Во средината каде што работиме, соработуваме со различни учесници – акционери, вработени, доставувачи, купувачи, установи, институции, организации на граѓанското општество и поединци. Поттикнуваме соработка која што се темели врз **меѓусебно почитување и почитување на различни мислења** и која  е насочена кон зголемување на вредноста на Крка.

Сите односи со **здравствената**, **фармацевтската** и **ветеринарната** струка се насочени кон обезбедување на стручни и објективни податоци за нашите производи, што обезбедуваат поголема придобивка за пациентите и корисниците, ја подобруваат здравствената грижа и овозможуваат размена на стручни знаења и искуство и подлежат на строги прописи и интерни акти и високи етички стандарди.

**На стручната јавност** им доставуваме објективни информации за производите на Крка, нивниот квалитет, безбедност и ефикасност. Развојот, производството, продажбата и промоцијата на нашите производи вклучува **соработка со здравствени организации** како што се болници, клиники, универзитети и други образовни институции, регулаторни тела и јавни агенции кои се занимаваат со лекови, при што ние ги почитуваме сите прописи и обезбедуваме транспарентна документација.

Имаме обврска **целосно и транспарентно да известуваме за работењето на друштвото** и да им даваме целосни, објективни, навремени и релевантни информации на регулаторните тела, акционерите, инвеститорите, медиумите, аналитичарите и општата јавност. Сите извештаи и финансиски и деловни податоци се подготвени и објавени согласно со прописите и меѓународните стандарди за известување. При работењето и известувањето сме свесни дека нашиот успех се темели врз поширoката општествена околина и дека при работењето секогаш сме должни да делуваме и во корист на сите учесници.

# Извонредност

Обезбедуваме **ефикасни, квалитети и сигурни производи**. Ефикасноста, квалитетот и сигурноста на производите ги следиме во сите фази на нивниот животен циклус, од развој до употреба и преку повратни информации. Имаме воспоставен систем на пријавување и прибирање на информации за несаканите дејства на лековите, што овозможува брза реакција.

Со вложувањата во **истражувањата и развојот** соработката со здравствените работници  и со деловните партнери го покачуваме нивото на знаење во областа на фармацевтската област и придонесуваме за развој  на квалитетни лекови. Обезбедуваме независност и стручност во истражувањата, резултатите од истражувањата соодветно се зачувани, известуваме за нив и секогаш ги земаме во предвид повратните информации.

Посветени сме да обезбедиме фер, целосни и навремени информации за нашите производи на пациентите, корисниците, здравствените работници, стручната јавност, регулаторните тела, деловните партнери и купувачите.

Сите информации со кои што ќе се запознаеме при извршувањето на работата претставуваат сопственост на друштвото  и  сме должни да ги чуваме и по престанување на работните обврски  во Крка. Обелоденувањето на **чувствителни и доверливи интерни информации** или тргувањето со истите се забранети и може да се одразат во постапките од работното право, управните, граѓанските и кривичните постапки против друштвото и поединецот кој што ја обелоденил информацијата.

Како вработени **информациите** кои што се определени како доверливи или според својата природа се сметаат за доверливи мора со внимание да ги заштитуваме, не смееме да ги искористуваме за лична употреба и без одобрување да ги доставуваме на трети лица во или надвор од друштвото. Тоа особено важи за строго доверливи деловни информации,

технички податоци и комерцијални податоци, други податоци за друштвото и вработените и податоци за трети лица. Вработените мора да ги почитуваат сите **правила и постапки за чување и заштита на информациите**. Со внимание ги штитиме и сите доверливи информации и интелектуалната сопственост на деловните партери и трети лица. (Правилник за заштита на доверливоста на информациите и деловните тајни).

Кога сме во дилема дали станува збор за чувствителна и доверлива информација, постапуваме како да станува збор за информација од највисок степен на доверливост и за тоа **се советуваме со сопственикот на информацијата** или со Правната служба. Го почитуваме правилото за чисто биро и чист екран. Ако испраќаме чувствителни содржини преку електронската пошта мора да обезбедиме прилогот да биде соодветно заштитен од неовластено гледање. Преку електронска пошта не испраќаме верижни писма, шеги и други несоодветни содржини. Во пораките од непознат испраќач не кликнуваме на непроверени интернет врски и не отвораме прилози од непознато потекло, бидејќи може да бидеме жртви на интернет напад. Во Крка имаме **овластено лице за информациска сигурност** кое што ги организира, раководи и ги координира активностите за обезбедување на заштита на информациите. Како вработени можеме да му се обратиме со иницијатива или мислења или ако забележиме недостатоци во таа област. (Правилник за соодветно користење на информатичката технологија)

Со **личните податоци** постапуваме внимателно, транспарентно, сигурно и согласно со прописите од областа на заштитата на личните податоци. Личните податоци можеме да ги прибираме само во обем кој што е неопходен за исполнување на законските барања и законските интереси на Крка, или врз основа на лична согласност на поединец, која што може да се отповика кога било. Ако сметаме дека ни се прекршени правата во врска со заштитата на нашите лични податоци треба да го прашаме за совет претпоставениот или да се посоветуваме со **овластеното лице за заштита на личните податоци**. Кога ќе дознаеме за прекршување во врска со личните податоци, веднаш, а најдоцна

во рок од 24 часа, со тоа го запознаваме овластеното лице за заштита на личните податоци (dataprotection.officer@krka.biz). Податоците за контакт на овластените лица за заштита на личните податоци според одделните зависни друштва се достапни на интерната интернет страница. (Правилник за заштита на личните податоци).

Се грижиме за **угледот на компанијата**. Како вработени, сите сме должни да се запознаеме со стратешки важните цели на Крка, нејзината мисија, визија и вредности и исто така на тој начин да ја градиме **културата на меѓусебна доверба, почитување, постојано учење и одговорна и ефикасна работа**. Известувањето се одвива на интерни средби (состаноци, редовни циклични едукации) и собири на работниците, како и преку интерните интернет страници, интернет списанијата и електронско известување.

За сите фотографии, видео и тонски снимки, кои се снимени во опкружувањена Крка, како и за сите текстови пред објавувањето во печатените и електронските медиуми за рекламни или личи цели треба да се добие писмена согласност на Службата за односи со јавностите (public.relations@krka.biz). Со медиумите во име на друштвото комуницираат само овластените лица, коишто ја претставуваат Крка во јавноста.

Со **електронската комуникација**, којашто е составен дел од нашите деловни односи, го градиме угледот на Крка и на производите на Крка и ја засилуваме својата препознатливост. Електронската пошта ја користиме соодветно и разумно и на начин кој што не му наштетува на угледот на Крка.

Свесни сме дека **социјалните мрежи** не обезбедуваат приватност, затоа и со нив се однесуваме согласно со вредностите на Крка и го засилуваме личниот интегритет. При користењето на социјалните мрежи сме свесни дека информациите кои што за лицето или за Крка ги доставуваме преку мрежите, остануваат трајно и се достапи за неограничен круг луѓе. (Упатства за користење на социјални интернет мрежи за вработените).

**Имотот на друштвото** го користиме внимателно, наменски и рационално и во согласност со интерните прописи и упатства.

Секој вработен мора домаќински да постапува со имотот на друштвото и да го штити од загуба, кражба или неовластено користење. Имотот на друштвото се користи за потребите на друштвото и само во исклучителни случаи и во обемот за лични потреби.(Правилник за утврдување на лична одговорност при постапување со опремата)

Се воздржуваме од секое однесување што со оглед на карактерот на работата која што ја извршуваме материјално или морално им наштетува или би можело да им наштети на деловните интереси и на угледот на Крка. При својата работа се грижиме за целосниот идентитет на Крка и секогаш ги почитуваме упатствата и протоколот на Крка и деловниот бонтон.

# Интегритет при раководењето

Раководните работници при извршувањето на своите работни задачи го почитуваат личниот интегритет и основните начела на работењето на Крка. **Раководството на друштвото и раководните кадри** со својата работи и начинот на раководење претставуваат пример и се клучни за создавање на деловна и работна средина што на вработените и останатите учесници им овозможува постапување согласно со прописите и етичките норми. Раководството и раководните кадри се одговорни за тоа вработените да бидат запознаени со своите права, обврски, должности и сите релевантни прописи и интерните акти на друштвото и да се раководат според правилата, начелата и вредностите на Крка. Раководството  на друштвото и сите раководни работници при извршување на своите работни задачи **постапуваат одговорно кон сопствениците, вработените и имотот на друштвото**.

Во Крка градиме култура на доверба, почитување, соработка и тимска работа, постојано учење и одговорно и ефикасно

работење. Нашето знаење, способностите, иновативноста, работливоста и креативноста ни овозможуваат да бидеме **брзи и флексибилни**. Работиме во деловна околина, која се менува, затоа брзо одговараме на потребите на пазарот, го следиме напредокот, се приспособуваме кон различните барања на работните процеси и бараме флексибилни решенија. Во Крка градиме добри меѓусебни односи. **Партнерство и доверба** се темел на односот со почит кон сите вработени и кон сите партнери. Создаваме атмосфера којашто ги поттикнува вработените кон **креативност и ефикасност**. Вработените ги поттикнуваме секогаш да бараат нови идеи, да разговараат за нив и ако се добри да ги реализираат. Своите задачи ги извршуваме најдобро што можеме, сè што правиме го правиме колку што е можно подобро и за колку што е можно покусо време.



# КОРПОРАТИВЕН **ИНТЕГРИТЕТ**

# Забрана на измами и корупција

Основниот принцип на сите вработени при извршувањето на работните задачите е постапувањето согласно со основните етички начела и одредбите на овој кодекс и сите важечки прописи и интерни акти на Крка. **Забранети се било какви измами и коруптивно однесување.**

Областа на спречувањето на измами и корупција ја уредува посебен правилник. *(Правилник з спречување, откривање и истражување на измами)*

Сите ние кои што сме вработени во Крка доследно се однесуваме етички, професионално и согласно со прописите, затоа во Крка:

- во областа на спречувањето на измамите и корупцијата и усогласеноста на работењето го почитуваме **начелото на нулта толеранција** што значи дека не допуштаме никакво неетичко, непрофесионално или незаконско однесување на вработените и деловните партнери;
- не ги искористуваме деловните можности на Крка, нејзиниот имот и информациите за добивање на лична и економска корист или корист за трети лица;
- не ветуваме никаква корист и не даваме подароци за да влијаеме на одлуките на државните органи, службените лица, деловните партнери или кој било и не примаме подароци или каква било корист која што би влијаела на одлуките во рамките на извршувањето на работата;
- допуштаме само подароци по некој повод, симболични или промотивни подароци со помала вредност и честења што се традиционални или вообичаени на настани како што се деловни, културни, спортски, едукативни и други манифестации или средби, но тие не смеат да ја надминат основната цел на настанотт;
- ги избегнуваме сите ситуации кои би можеле да остават впечаток на незаконско давање, ветување или примање

на поголеми подароци или друга корист и не влегуваме во деловни односи кај што би постоела сериозна можност за ризик за кој би одговарале нашите деловни партнери.

Се грижиме лицата што имаат пристап до **интерни информации** да бидат запознаени со степенот на доверливост и чувствителност на информациите. Имаме важечки интерни акти за тргување со финансиските инструменти на друштвото и воспоставени механизми за надзор над вработените и трети лица, кои што располагаат со тие информации, и така ги спречуваме евентуалните злоупотреби и тргувањето врз основа на интерни информации.
За сите лица што имаат пристап до интерните информации е определен период во кој што не смеат да тргуваат со финансиските инструменти на друштвото.

# Конфликт на интереси

**Конфликт на интереси** постои кога личните интереси на поединецот влијаат или би можеле да влијаат на способноста на вработениот внимателно и објективно да донесува одлуки и да ја извршува својата работа во корист на Крка. Може да станува збор за економски интерес на поединецот, личен интерес, интерес на членовите на неговото семејство или други лица поврзани со него. Конфликтот може да произлегува и од учеството на поединецот во претприемачки, научни, политички или други здруженија.

Основниот принцип на сите вработени е дека **сите одлуки** сме должни да ги донесуваме **во најдобриот интерес за Крка**, затоа како вработени мора да ги избегнуваме сите ситуации каде што би можеле само да оставиме впечаток дека на нашите одлуки влијаеле пред сè личните интереси и интересите на Крка.

Кога ќе забележиме дека личните и други околности би можеле да влијаат на нашата работа и процена или на работата и

проценатa на нашите колеги, за тоа веднаш го известуваме претпоставениот. **Должни сме да пријавиме секаков конфликт** на интереси и да се иземеме од постапката на донесување на деловни одлуки каде што постои таков интерес.

Се смета дека постои конфликт на интереси особено во следните ситуации:

- кога работникот е доминантен сопственик на конкурентско друштво или на деловен партнер на Крка;
- кога работникот е член на органот на раководење или надзор во конкурентските друштва или во друштва коишто се деловни партнери на Крка;
- кога работникот по договор или на каква било друга основа (со плаќање или бесплатно) врши каква било работа или услуга за конкурентско друштво или за деловен партнер на Крка;
- кога вработениот одлучува за вработување и наградување на членовите на своето потесно семејство.

Ако постои **сомневање** за конфликт на интереси, за тоа се советуваме со претпоставениот, Правната служба или овластеното лице за усогласеност на работењето.

Во времето додека сме вработени без писмена согласност на Крка не смееме за своја или за туѓа сметка да извршуваме работи или да склучуваме деловни активности кои што спаѓаат во дејноста која што ја врши Крка и коишто за Крка значат или би можеле да значат конкуренција.

.

# Промоција на производите

Односите меѓу фармацевтската индустрија и здравствената струка подлежат на строги етички стандарди, прописи и насоки. **Рекламирањето, односно промоцијата на лековите и останатите производи на Крка** се одвива во согласност со прописите за рекламирање и се врши на начин кој поттикнува разумна и безбедна употреба на лековите и другите производи. Лековите се презентираат објективно и без пренагласувањена нивните својства. Секој одделен елемент на рекламирањето и сите делови кои за примателот на пораката претставуваат поврзана целина се во согласност со одобрениот збирен извештај на лекот. Сите карактеристики на лекот се избалансирано претставени  и на начин што не доведува до заблуда. Стручните соработници постапуваат согласно  прописите и соодветно се обучуваат за промоција на производите. (Кодекс на Крка за промоција).

Учествуваме на **конгреси, симпозиуми и стручни настани** и организираме разгледување на производствени и развојни капацитети и едукативни настани, чија цел е да се обезбедат стручни информации за производите на Крка и стручната јавност да се запознае со најновите медицински сознанија и Крка да се претстави како сигурен партнер.

Поддржуваме **научни, медицински и фармацевтски истражувања**, и едукативни програми и на тој начин го подобруваме знаењето на здравствените работници и им доставуваме општи и објективни информации за здравјето, превентивните мерки за спречување на болести, знаците и симптомите на болестите и можните методи за лекување.

**Донации** и други финансиски и нефинансиски средства, наменети за здравствените работници и организации, се даваат за здобивање со најнови медицински знаења и за поддршка на здравствениот систем и истражувањата. Тие се документирани и транспарентни и се изведуваат на начин кој што исклучува

можност за влијание врз здравствените работници, персонал и организации во однос на препишувањето, препораките, издавањето, продажбата или купувањето на нашите производи.

Сите финансиски и нефинансиски средства, наменети за здравствените работици, здравствените организации, здруженија и друштва за учество на стручните конгреси, за предавања и сл., се **транспарентни** и од 30 јуни 2018 година понатаму секоја година се објавуваат на интернет страниците на Крка.

# Добавувачи и деловни партнери

Купувачите, добавувачите и останатите партнери постојано ги проверуваме и **ефикасно управуваме со ризиците** што произлегуваат од деловните односи со нив. Така спречуваме евентуално нарушување на угледот и деловни загуби.

Од добавувачите и деловните партнери очекуваме:

- да ги почитуваат човековите права и да создаваат работна средина каде што се почитуваат достоинството и приватноста на поединецот;
- да ги одбиваат сите форми на недозволена работа;
- да имаат воспоставени внатрешни контроли, системи за управување со ризици и конфликт на интереси и веднаш да нè известат за конфликтот на интереси кој што би можел директно или индиректно да влијае на Крка;
- да го почитуваат антикорупциското и конкурентското законодавство и да управуваат со ризиците од измами и злоупотреби.

# Фер конкуренција

Ги почитуваме прописите што ја уредуваат **заштитата на конкуренцијата** и со своето однесување не ја спречуваме, ограничуваме или нарушуваме конкуренцијата.

На конкурентите не им обелоденуваме чувствителни деловни информации. Со другите претпријатија не се договараме за цените на конкурентски производи, ограничување на производството, продажбата, техничкиот напредок или инвестициите, за поделба на територијалните или продажните пазари, стратегиите за проширување, нови производи, потрошувачи, општите услови за продажба и слично.

Ако на пазарот имаме **доминантна положба** не ја злоупотребуваме за индиректно или директно определување на нефер продажни или куповни цени или други нефер деловни услови за ограничување на производството, пазарите или техничкиот напредок на штета на потрошувачите, не применуваме различни услови со други договорни страни ставајќи ги во неконкурентна положба, или во барањето за склучување на договор да се прифатат дополнителни обврски што според својата природа или со оглед на трговските обичаи не се поврзани со предметот на овие договори.



# ОПШТЕСТВЕНА **ОДГОВОРНОСТ**

При работењето сме свесни дека нашите успеси се темелат и врз успешноста на пошироката општествена средина.

Својата општествена одговорност ја остваруваме со **поддржување на различни дејности во околината во која работиме, учествуваме во хуманитарни активности и се вклучуваме во активности што го поттикнуваат развојот на науката, образованието, уметноста и културата** и помагаат за заштита на природната средина. Предност им даваме на групи, поединци и долгорочни проекти коишто се насочени кон општиот општествен напредок, помагаат за подобар квалитет на животот на колку што е можно поголем број луѓе, ја истакнуваат работата со младите и се во согласност со мисијата на Крка ***"да се живее здрав живот."***

Согласно со својата мисија наменуваме средства и за осовременување и подобра опременост на различни установи и друштва, што помага за поголем квалитет на нивите дејности. Поддржуваме многубројни проекти од културата во локалната средина и надвор од државните граници.

Се **грижиме за животната средина** и ги почитуваме еколошките прописи и притоа соработуваме со потесната и пошироката локална заедница. Грижата за **поефикасно користење на енергијата** ја вклучуваме во тековното работење на претпријатието, развојната стратегија и инвестициските проекти и на тој начин придонесуваме за намалување на негативните влијанија на животната средина, што е во согласност со насоките за одржлив развој. Им даваме предност на опремата и постапките што придонесуваат за помала, а со тоа за поефикасно искористување на изворите на енергија.

Во рамките на своето работно место и работата што ја вршиме, се грижиме за намалување на количината и подоследно селективно собирање на отпадот, рационално користење на водата и сите средства за работа и колку што е можно помало загадување на водата. Со правилно и безбедно работење со хемикалиите го намалуваме ризикот од настанување на вонредни настани.



# ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ЗА **УСОГЛАСЕНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО**

**Овластеното лице за усогласеност на работењето** со надлежните директори и раководители на службите на ниво на друштвото е одговорен за постојано оценување на ризиците на усогласеноста на работењето, усогласување на соодветните активности на одделите деловни процеси, предлагање и воспоставување на ефикасен систем на внатрешни контроли, создавање на свест, обука и советување за засилување на интегритетот на работењето, разгледување на пријавите на несоодветно однесување и прекршување на важечките прописи, интерните правила и етички начела и за известување на раководството на друштвото за усогласеноста на работењето во Крка.

Овластеното лице за усогласеност на работењето врши надзор и ја насочува имплементацијата на усогласеноста на работењето, стапувањето на сила на одредбите на овој кодекс и правилата за известување за прекршувањата во Крка. **Раководителите на секторите, областите и самостојните служби** соработуваат со овластеното лице за усогласеност на работењето и се одговорни за воспоставување на соодветни активности и за усогласено работење во областа за која се одговорни. За усогласеноста на работењето на зависните друштва и претставништвата се одговорни нивните директори кои што го известуваат овластеното лице за усогласеност на работењето. Зависно од големината на зависното друштво и претставништвото во нив може да се именуваат локални овластени лица за усогласеност на работењето.



# ПРИЈАВУВАЊЕ НА **НЕСООДВЕТНО ОДНЕСУВАЊЕ**

Прекршувањето на овој кодекс може да претставува прекршување на работните обврски и може да биде причина за поведување на дисциплинска постапка и/или постапка на редовно или вонредно откажување на договорот за вработување. Во случај на прекршувања на правилата на етичкото и деловното однесување на партнерите на Крка може да дојде до прекин на деловната соработка.

Како вработени во Крка секогаш ги почитуваме начелата, правилата и насоките за усогласено постапување и се однесуваме одговорно и во случај ако имаме дилема дали нашето однесување, однесувањето на некој колега или на трето лице е во согласност со кодексот, прописите или интерните акти, бараме совет од непосредниот претпоставен или директорот на организациската единица. Ако природата или околностите на случајот не го дозволуваат тоа, бараме совет во Правната служба или од овластеното лице за усогласеност на работењето.

**Лица за контакт и телефонски броеви**

- овластено лице за усогласеност на работењето на Групација Крка: **+386 7 331 26 00**
- раководител на Правната служба на Групација Крка: **+386 7 331 95 95**

Секој што основано се сомнева дека дошло до прекршување на овој кодекс, интерните акти на Крка или прописите, мора прекршувањето да го пријави кај овластеното лице за усогласеност на работењето. Прекршувањето може да се пријави и по електронска пошта (compliance.officer@krka.biz).

Секој вработен е должен да ги спречи извршувањата на инструкциите или договорот ако не се во согласност со прописите, интерните правила на Крка и овој кодекс, и со тоа веднаш да ги запознае одговорните лица. Сите прекршувања ќе бидат истражени и сериозно ќе се третираат.

Крка се обврзува дека со податоци на пријавувачот ќе постапува доверливо, стручно и со професионално внимание и дека ќе овозможи соодветна заштита од одмаздннички мерки.

Самопријавувањето може да ги намали, отстрани или дури и да спречи настанување на последици од неетичко и несоодветно однесување, затоа Крка го поттикнува самопријавувањето на вработените.



# КОНЕЧНИ **ОДРЕДБИ**

*Кодексот на однесување* на Крка го усвои управата на Крка, д.д., Ново место на седницата на 15.3.2018 година и тој важи од 1. 5. 2018 понатаму.

Кодексот на однесување на Крка се објавува на интерната интернет страница на Крка (Крканет) и на јавните интернет страници на Крка.

Со денот на стапување на сила на овој кодекс престанува да важи Етичкиот кодекс на друштвото Крка, товарна здравил, д.д. Ново место од 2.12.2009 година, се заменува во целост. Кодексот на однесување на Крка е правен наследник на споменатиот етички кодекс.

Секој нов вработен со Кодексот на однесување на Крка се запознава на семинарот за воведување во работата.

Сите вработени во Крка мора со Кодексот на однесување на Крка да се запознае во рок од една година од започнувањето на неговото важење.

Последна ревизија Март 2023.

Кодексот се прегледува и по потреба се ажурира секои две години.

03/2023, Р. Северна Македонија.